РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-327
03-05-2016 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ
Примено: 10.05.2016
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 601/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Менаџмент на човечки ресурси, Коминикации, Култура на ера во кубернетика, Социологија-менаџмент на општествени промени и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Социологија-менаџмент на општествени промени при Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Менаџмент на човечки ресурси, Коминикации, Култура на ера во кубернетика, Социологија-менаџмент на општествени промени и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Социологија-менаџмент на општествени промени при Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-172/1 од 10.02.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-327 од 10.02.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии, по Социологија-менаџмент на општествени промени, Решение бр. 13-197/2 од 08.02.2016 година, Култура на ера во кубернетика, Решение бр. 13-197/3 од 08.02.2016 година, Коминикации, Решение бр. 197/4 од 08.02.2016 година, Менаџмент на човечки ресурси Решение бр. 13-197/5 од 08.02.2016 година и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Социологија-менаџмент на општествени промени, Решение бр. 13-27/5 од 17.03.2014 година, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-327 од 02.03.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 19.04.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-327 од 20.04.2016 година, каде е наведено дека за студиските програми наведени во точка 1 од ова Решение се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
-Примач
Архива

изработил: Вилјана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити